ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-2181/11
15.09.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16; 64/18; 168/18), Градоначалникот на Општина Центар - Скопје го издава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат сите физички и правни лица од подрачјето опфатено со Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт Ц 06 – Стара железничка станица, Општина Центар – Скопје дека Градоначалникот на Општина Центар - Скопје донесе Одлука за спроведување на

**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА**
**по Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт Ц 06 – Стара железничка станица, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024**

Границата на планскиот опфат е дефинирана:

- од североисток по оската на ул. „Свети Кирил и Методиј" (ул. „М.Х.Јасмин");
- од југоисток по оската на бул. „Кочо Рацин";
- од југозапад по оската на ул. „Јордан Мијалков" (ул. „Железничка");
- од северозапад по бул.„Свети Климент Охридски" и продолжува по ул. „Мајка Тереза" (ул. „Водњанска").

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 14,40 ха.

**Повторната јавна анкета** по Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт Ц 06 – Стара железничка станица **ќе трае 10 работни дена, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, од 21.9.2022 до 4.10.2022** година. Во овој период Предлог-планот **ќе биде изложен во Урбаната заедница „Роберт Гајдик"** (бул.„Кочо Рацин" ББ).

**Повторната јавна презентација** по Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт Ц 06 – Стара железничка станица **ќе се одржи во просториите на Општина Центар – Скопје (ул.„Михаил Цоков" бр.1, Скопје), во салата за состаноци во барака 6, на 28.9.2022 година** (среда) **во 10.00 часот.**

**Соопштението** за организирање на повторна јавна презентација и повторна јавна анкета **ќе биде објавено во** дневните весници **„Слободен печат" и „Вечер"**, на веб страната на Општина Центар - Скопје **www.centar.gov.mk** и на информацискиот систем **е-урбанизам**.

Контакт телефони **3203 605** и **3203 660** и email: **planiranje@centar.gov.mk.**

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат анкетни листови со забелешки и предлози по Предлогот на планот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**м-р Горан Герасимовски**

СКОПЈЕ